РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09-1087/3
21.05 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

**до:** Министерство за образование и наука
Педагошка служба

**од:** Биро за развој на образование,

**предмет:** Забелешки за ракопис на учебник

**дата:**21.5.2026 година, Скопје

**врска ваш број:** 26-244/9 од 13.5.2026 година

**Почитувани,**

Со допис до Бирото за развој на образованието имате доставено ракопис за учебник по предметот Историја за II (втора) година во гимназиското образование.

Во прилог ви доставуваме забелешки за доставениот ракопис за учебник по Историја за II (втора) година во гимназиското образование.

Со почит,
Биро за развој на образованието
директор
м-р Милка Тримчевска

М.П.

Изготвил: Комисија со Решение бр.02-1087/2 од 15.5.2026 година
Контролирал: м-р Афродита Давко, раководител на одделение
Одобрил: Ајше Ајрулаи, раководител на сектор

Прилог: Забелешки за ракопис на учебник по предметот Историја за II (втора) година во гимназиското образование.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 21 MAY 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numerа | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 244/10 | | |

Во темата 4 во содржината со реден број 6 „Популациски движења, национални малцинства и социјалната политика (1918-2010)", на страницата 182, во однос на емиграцијата по Граѓанската војна во Грција, наведено е дека дел од населението „заминало", како политички бегалци, дека многу од нив биле Македонци. Всушност, најголем дел од политичките бегалци биле Македонци, кои од идеолошки причини заедно со дел од Грците, поради политичкиот притисок ја напуштиле Грција. Македонците ја напуштиле Грција и поради националното прашање. Има уште нешто што треба да се наведе и е многу важно, а тоа е, дека не биле сите политички бегалци. Имено, имало повеќе илјади деца, најголем број македонски, но и и грчки деца, кои биле расселени во источноевропските држави и во тогашна Југославија, за наводно да бидат спасени од воените дејствија. Децата, а голем бил нивниот број, преку 28.000, расселени во текот на оваа војна, никогаш, не само во оваа војна, не биле и не можат да бидат политички бегалци, а сепак треба да се наведе тоа како последица од војната. Тоа е етничко чистење.

Во однос на содржинскиот дел кога станува збор за најзначајните настани од албанската политичка и културно-образовната историја, на пример Илирските Кралства, периодот на Скендербег, Албанските Пашалаци, Призренската Лига, Првото училиште на албански јазик во Корча, Битолскиот Конгрес, независноста на Албанија, независноста на Косово, за кои има само краток опис и како такви не даваат можност за појасна слика во однос на важноста на наведените настани. Исто така, во делот на илустративниот и дидактичкиот материјал, овие настани се проследуваат со малку материјал т.е. со прашања вежби квизови и слично.

Во однос на критериумот поврзаност со учењето и поучувањето, учебникот е структуриран и организиран да овозможи прегледност и лесно користење.

Прашањата на крајот од секоја лекција насловени со „Провери го наученото" поврзани се со стандардите за оценување од наставната програма. Интересни, потикнувачки и динамични се рубриките: „Прашања за дискусија", „Изворите зборуваат", „Дали знаеш дека", „Провери го наученото". Сепак, би можело да има повеќе прашања преку кои би било потикнато изразувањето на ставовите на учениците за одредени настани и појави.

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

# ЗАБЕЛЕШКИ НА РАКОПИСОТ НА УЧЕБНИКОТ ПО ПРЕДМЕТОТ ИСТОРИЈА ЗА II ГОДИНА ВО ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Бирото за развој на образованието ви доставува забелешки за ракописот за учебникот по предметот Историја, во согласност со член 14, став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на РСМ" бр.3 од 3.1.2025 година), како и врз основа на наставната програма по предметот Историја за II (втора) година во гимназиското образование, Концепцијата за гимназиско образование, Концепцијата за изработка на учебник и Методологијата за вреднување на учебници.

Ракописот за учебник по предметот Историја за II (втора) година во гимназиското образование **(Шифра Ш)** ги содржи сите теми, содржини и поими предвидени со наставната програма и истите придонесуваат за постигнување на резултатите од учењето и стандардите за оценување предвидени со наставната програма.

Содржините се развиени согласно стандардите за оценување од соодветните теми во наставната програма и се базирани на современи, научно засновани и релевантни сознанија. Обемот и сложеноста на содржините кои се разработени соодветствуваат на нивото на когнитивниот развој на учениците.

Во ракописот опфатени се поими кои се утврдени во наставната програма. Сепак, во однос на некои од поимите, објаснувањата не се целосно јасни. Имено, во учебникот на страна 13, во темата број 1, содржината „Полиси, кралства, сојузи и хегемонии", каде што се зборува за видовите на држави на Балканот, има реченица, со која, така како што е напишана, нејасно е дали полисите се наоѓаат на Балканот или не. Исто така, на страната 49, во темата број 1, во содржината „Римското влијание на балканските простори", поимот епиграфика е објаснет, но не е наведено дека објаснувањето се однесува на поимот. Во истата содржина, не е објаснет и поимот Римска Република, кој е наведен во наставната програма. Кога се зборува за историски личности како Јован Кастриот, Георги Кастриот, Јован Музака, може во заграда да бидат ставени и имињата Ѓон Кастриоти, Ѓерѓ Кастриоти и Ѓон Музака.

Во ракописот на две места во насловите на содржините Балканот е напишан со мала буква на страниците 37 и 41, а треба да биде со голема буква.

Целиот текст во учебникот е напишан во ист стил. Варијациите во фонтовите и боите го олеснуваат увидот во структурата на учебникот на тој начин што се соодветно избрани и доследно применети во целиот учебник.

Илустрациите се соодветно насловени и визуелно одделени од текстот. Во сите лекции, прашањата/активностите за учениците се посебно графички обликувани и логички распоредени. Сите фотографии се со јасна резолуција и со објаснување, а корицата илустративно упатува на наставниот предмет на којшто се однесува. Сепак, во рамките на илустрациите, недоволно се прикажани археолошки локалитети за одредени периоди, на пример Улпијана во Косово, пештерата Гајтан во Албанија и слично. На насловната страница можеби требало да има повеќе историски личности од балканските простори или ниту една историска личност.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 14, став 5 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на РСМ" бр.3 од 3.1.2025 година), Бирото ви доставува забелешки и истите треба да ги доставите до издавачот кој е должен во рок од 14 дена од денот на приемот на забелешките, да постапи по истите и да достави корегиран ракопис до Бирото за развој на образованието, преку Комисијата за шифрирање и проверка.

Ирена Борисовска, советник ____________________
Илир Мемеди, советник ____________________
м-р Оливер Станојоски, пом. раководител на сектор ____________________